**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УП1 Број: / Numer: 08-57
03.03.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), а согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-57 од 16.2.2026 година и Предлогот Уп1 бр.08-57 од 2.3.2026 година, а согласно Заклучокот, арх.бр.02-774/4 од 2.3.2026 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 9-та седница одржана на 2.3.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за запирање на покрената постапка за одземање на дозвола за телевизиско емитување**

СЕ ЗАПИРА покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво (ТРД) Прва Скопска Телевизија ДООЕЛ Скопје (со поранешен назив Трговско радиодифузно друштво (ТРД) ТВ МТМ ДООЕЛ Скопје), Уп1 бр.08-16 од 7.9.2023 г.

**Образложение**

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) на 7 -та седница одржана на 18.2.2026 г., со Заклучок арх.бр.02-624/3 од 18.2.2026 г., го усвои предлогот на д-р Зоран Трајчевски, Директорот на Агенцијата, Уп1 бр.08-57 од 16.2.2026 г. и покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Прва Скопска Телевизија ДООЕЛ Скопје (со поранешен назив ТРД ТВ МТМ ДООЕЛ Скопје), Уп1 бр.08-16 од 7.9.2023 г., поради тоа што по извршениот редовен административен надзор, во Писмениот извештај арх.бр.05-634/1 од 16.2.2026 г., беше констатирано дека радиодифузерот во законскиот рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата издадена од АВМУ, не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на АВМУ.

Во врска со тоа, од страна на АВМУ на 19.2.2026 г. до горенаведениот радиодифузер беше испратен Допис Уп1 бр.08-57 од 19.2.2026 г., за негово известување дека доколку не го плати во целост годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18).

(петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување. Известувањето Уп1 бр.08-57 од 19.2.2025 г., беше испратено во писмена форма по препорачана пошта до ТРД Прва Скопска Телевизија ДООЕЛ Скопје (со поранешен назив ТРД ТВ МТМ ДООЕЛ Скопје) и истото е примено од страна на радиодифузерот на 19.2.2026 г. Воедно, Известувањето на 19.2.2026 г. беше доставено и во електронска форма на официјалната електронска адреса на радиодифузерот регистрирана како информација за контакт во ЦРРСМ и во регистарот на радиодифузери кој го води Агенцијата.

Меѓутоа, на 2.3.2026 г. од страна на Секторот за финансии и логистика до Директорот на Агенцијата, доставено е Известување, арх.бр.05-634/2 од 2.3.2026 г. дека ТРД Прва Скопска Телевизија ДООЕЛ Скопје (со поранешен назив ТРД ТВ МТМ ДООЕЛ Скопје), на 2.3.2026 г., извршил уплата во износ од 1.334.165,00 (еден милион и триста и триесет и четири илјади и сто и шеесет и пет) денари, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го платил во целост.

Следствено на горенаведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10 од ЗАВМУ, согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка, во врска со Предлогот Уп1 бр.08-57 од 16.2.2026 г. и Предлогот Уп1 бр.08-57 од 2.3.2026 година, а согласно Заклучокот арх.бр.02-774/4 од 2.3.2026 година, Советот на Агенцијата, на 9-та седница одржана на 2.3.2026 година, одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

Врз основа на погоре наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- ТРД Прва Скопска Телевизија ДООЕЛ Скопје (со поранешен назив ТРД ТВ МТМ ДООЕЛ Скопје);
- Управителот на ТРД Прва Скопска Телевизија ДООЕЛ Скопје (со поранешен назив ТРД ТВ МТМ ДООЕЛ Скопје);
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика и
- Назначените лица во АВМУ за водење на Уписникот Уп1.